# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ со објавување на оглас**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА - ФОТОГРАФИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИ**
**2023/2024**

**Скопје март 2024**

**Инструкции за понудувачите**

**1. Договорен орган**

Договорен орган е **ООУ Кирил Пејчиновиќ Општина Кисела Вода Скопје** контакт kirilpejcinvicsk@gmail.com електронска адреса

**2. Предмет на договорот за набавка**

Предмет на договорот за набавка е :

***Фотографирање на учениците во* ООУ Кирил Пејчиновиќ Општина Кисела Вода**

Предметот на договорот **не е делив**. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

**3. Начин на извршување на услугите**

Носителот на набавката е должен да изработи понуда за фотографирање ученици од

**Општина Кисела Вода ООУ Кирил Пејчиновиќ**

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за набавка.

**5. Рок за извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен да ги врши услугите предмет на договорот согласно законските прописи и воспоставените стандарди од денот на склучување на договорот.

**6. Начин на плаќање**

***Средствата за реализација ги обезбедуваат родителите и ќе бидат уплатени на жиро сметка на носителот на набавката по доставени уплатници од нивна страна или фискални сметки*** .

Начинот на плаќање е задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за набавки.

**7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

7.1. За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

7.2. За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да има на располагање документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, кој го доставува заедно со понудата во оригинал или копија заверена од понудувачот.

7.3 За докаување на финансиската стабилност на фирмата, понудувачот да има на располагање документ за биланс на состојба за изминатите 3 (три) години со приход над 4,000,000,00 ден.

7.3. Техничка или професионална способност

Критериуми за утврдување на техничката или професионалната способност на понудувачот се:

- ✓ **изработен алманах во боја и мини алманах во боја**

7.4. За докажување на техничката или професионалната способност:

- ✓ **Изјава** од понудувачот за бројот на вработени и нивни образовни и професионални квалификации (минимум седум вработени)
- ✓ **ДРД образец** за чие издавање надлежен орган во РСМ е Централен регистар на РСМ
- ✓ Билансна состојба издендена од надлежен орган ЦР на РСМ
- ✓ референтна листа за извршени услуги во изминатата учебна година 2022/2023

**8. Изготвување и поднесување на понудите**

8.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на оригиналните обрасци дадени во прилог. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака „оригинал“ Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот. Сите страници

на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

8.2. Изјава за сериознос на понудата
Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во пролог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

8.3 Елементи на понудата
Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

-Образец на понуда (Прилог 1**)** и технички спецификации
- Доказ за регистрирана дејност
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 2)
- Елементи од точка 7.3 и 7.4

8.4. Јазик на понудата
Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

8.5. Период на важност на понудата
Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот на отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

8.6. Запечатување на понудата
Понуда може да поднесе само понудувач кој ја има набавено тендерската документација од договорниот орган.
Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во запечатен плик кој го содржи:

- називот на понудувачот со целосна и точна адреса.
- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,

Доколку пликото не е запечатено и обележано како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата.

8.7. Принцип на една понуда

Едно право или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поедиечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

**9. Краен рок и место за поднесување на понудите**

9.1. Краен рок за поднесување на понудите е 11.03.2024година

9.2. Понудите се поднесуваат на следнава адреса **ООУ Кирил Пејчиновиќ Општина Кисела Вода**

9.3 Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

**10. Отворање на понудите**

10.1. Отворање на понудите ќе се изврши на 13.03.2024

**ООУ Кирил Пејчиновиќ Општина Кисела Вода**

**11, Критериум за доделување на договорот**

11.1 Критериум за доделување на договорот за јавна набавка е најниска цена. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива. Во постапка се врши бодување на понудите, на понудувачите според висината на понудените цени.

11.2 Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови(,,Службен весник на Република Македонија,, бр 41/08).

**12. Доделување на договорот за набавка**

12.1. Договорниот орган, по спроведената постапката за барање за прибирање на понуди,договорот му го доделува на економскиот операторчија понуда има најниска цена.

12.2 Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата

12.3 Во случај да е поднесена само една прифатлива понуда, договорниот орган може да му го додели договорот за набавка на единствениот економски оператор кој поднел прифатлива понуда или  да ја поништи постапката доколку се поднесени цени понераеални од реалните на пазарот.

## 13. Известување за доделување на договорот за  набавка

Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за набавка со барање за прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

## 14. Правна заштита

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за  набавка, Правото на жалба се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката.

## 15. Завршување на постапката за доделување на договор за набавка

15.1 Постапката за доделување на договор за  набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

15.2 Веднаш по завршување на постапката, договорниот орган ги враќа мострите, урнеците и документите кои предвидел дека ќе се вратат на понудувачите во тендерската документација.

# Техничка спецификација

**Технички спецификации**

| **ОПИС НА ПОНУДАТА ЗА ФОТОГРАФИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИ** |
|---|
| 1. Крајни фотографии за паралелки од 1 до 9 одделение 15х21 см |
| 2. Фотографирање априлијада фотографија 13х18 см |
| 3.Фотографија 15х21 см првачиња групна 15Х21 см<br><br>Фотографија 15х21 см портрет 15х21 см - |
| 4.Новогодишна папка или календар фотографија 25см х35см од 1 до 6 одд - |
| 5.<br><br>**Алманах предна и задна страна во колор** со димензии 25 см х25 см, 130 гр. **Кунздрук пластифицира на корица-страници колор фотографии.**<br><br>- Фотографија 3,5см х 4,5см – шеснаесет<br>- Фотографија 6см х 9см – две<br>- Фотографија 5см х 7 см – четири<br>- Фотографија портрет 13см х 18см- една портрет<br>- Фотографија генерациска за потребите на алманахот<br>- Фотогарфија групна од прослава на матурска вечер<br>-Обработка на фотографиите во PhotoShop |
| 6. Алманах за петто одделение изработен одделно по паралелка (ученици)<br><br>-1 фотографија портрет 13х18 см<br><br>-1 алманах пластифициран – колор, внатрешни страни и колор пластифицирана корица 23см Х 23 см изработен одделно по паралелка |
| |

Врз основа на огласот објавен од страна, фотографирање на учениците со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, и на тендерската документација, ја поднесуваме следната

# П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ________________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ________________________________________________________
- Телефон: ______________________________________________________
- Факс: __________________________________________________________
- Е-пошта: _______________________________________________________
- Лице за контакт: _________________________________________________

I.3. Одговорно лице: ___________________________________________________

I.4. Даночен број: _____________________________________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/услуги/: **Технички спецификации**

| **ОПИС НА ПОНУДАТА ЗА ФОТОГРАФИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИ** | **Единечна цена со ддв по ученик** |
|---|---|
| 1. Крајни фотографии за паралелки од 1 до 9 одделение 15х21 см | |
| 2. Фотографирање априлијада фотографија 13х18см | |
| 3.Фотографија 15х21см првачиња групна и портрет | |
| 4.Новогодишна папка или календар фотографија 25смх35см од 1 до 4 одд | |
| 5.<br><br>**Алманах предна и задна страна во колор** со димензии 25 см х25 см, 130 гр.<br>**Кунздрук пластифицирана корица-страници колор фотографии.**<br>- Фотографија 3,5см х 4,5см – шеснаесет<br>- Фотографија 6см х9см – две<br>- Фотографија 5х7см – четири<br>- Фотографија портрет 13х18см- една<br>- Фотографија генерациска за потребите на алманахот<br>- Фотографија групна од прослава на матурска вечер<br><br>-Обработка на фотографиите во PhotoShop | |
| 6. Алманах за петто одделение изработен одделно по паралелка (ученици)<br><br>--1 фотографија портрет 13х18 см<br><br>-1 алманах пластифициран – колор, внатрешни страни и колор пластифицирана корица 23Х23см изработен одделно по паралелка - | |
| | |

**Дел III – Финансиска понуда**

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, со ДДВ, изнесува__________________________________________ *[со бројки]* (_____________________________________________________________) *[со букви]* денари.

Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум________________________      Одговорно лице

_____________________________

(потпис и печат)

**Прилог 1 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на способност**

И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот

___________________________________________________________________ *[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на способноста на понудувачите утврдени во тендерската документација по огласот за барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во јавните гласила фотографирање на учениците на објавен од страна на барање за прибирање на понуди со објавување на огл **ООУ Кирил Пејчиновик Општина Кисела Вода**
ас и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

| | |
|---|---|
| Место и датум | Одговорно лице |
| ____________________________ | ____________________________ |
| | (потпис и печат) |

**Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], во

својство на овластено лице на понудувачот ________________________________________,

изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е

валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на

нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　Овластено лице

____________________　　　　　　　　　　_________________________